МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

# МЦМС е-Билтен

Март 2014
БРОЈ 152

## Мојот избор 2014

Мојот избор www.mojotizbor.mk и во овој изборен циклус ќе биде местото каде заинтересираните ќе можат да ги добијат сите информации поврзани со претседателските и предвремените парламентарни избори. Ова е трет изборен циклус за Мојот избор. И овој пат основата цел е да им помогне на граѓаните да добијат доволно информации за да можат да го направат својот избор на 13, односно на 27 април 2014 година.

Веб страната е динамична и информациите во неа постојано се обновуваат. На неа се претставени сите кандидати за претседателските избори 2014, нивните биографии и програми. Во делот за изборна кампања излистани се распоредите на митинзи и известувањето на медиумите за различните теми поврзани со кандидатите и претседателските избори. На веб страната може да се најдат и информации за тоа кои медиуми колку известуваат за претседателските избори презентирани дневно и неделно. Во делот на рејтинзи и резултати презентирани се резултатите од досега спроведените анкети на јавното мислење, а по завршувањето на изборите, овде ќе бидат презентирани и резултатите што ги постигнале кандидатите.

Во врска со предвремените парламентарни избори 2014, на веб страната се презентирани програмите на политичките партии и коалиции кои учествуваат во изборната трка. Кандидатите за пратеници се презентирани и можат да се пребаруваат по политички парии и по изборни единици. Во соработка со Daily.mk се подготвуваат статистики за известувањето на медиумите за кандидатите па може да се види колку е известувано за секој од нив, а колку за политичките партии, за кои теми медиумите најмногу се интересирале и кои медиуми најмногу известувале.

Во рубриката за изборниот процес се презентирани избирачките места, а можат да се видат и неправилностите кои до сега се пријавени. МЦМС ги поттикнува граѓаните преку веб-страната да ги пријават сите неправилности на кои ќе наидат во текот на изборниот процес.

Во последниот дел од сајтот се (или ќе бидат) поместени објавите за рејтинзите на партиите и кандидатите, а тука ќе бидат објавени и резултатите, вклучително и споредбите со претходните избори.

# Околина за развој на граѓанскиот сектор во Македонија треба да се подобрува

На 20 март 2014 година во ЕУ Инфо центарот во Скопје беше промовиран Извештајот за овозможувачката околина за развој на граѓанскиот сектор во Македонија за периодот од 2010 до 2013 година.
Извештајот констатира дека Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) е многу добра основа за слободата на здружување. Сепак, поради неусвоените подзаконски акти и неизменетите даночни закони тој не е целост функционален. Правната рамка за слободата на собирање е во линија со најдобрите меѓународни стандарди, но забележани се дневнополитички злоупотреби и изолирани случаи на ограничување на мирните собири.

Граѓанските организации немаат значителни даночни олеснувања, а за индивидуалните давања се речиси нефункционални. Државното финансирање не е доволно развиено и не претставува значителен извор за одрживоста на ГО.

Солидно поставената институционална рамка и политиката за граѓански дијалог не се целосно функционални и не се спроведуваат доследно. Основи за давање услуги од страна на организациите постојат, но ограничени се пред се на услуги од областа на социјалната заштита.
Јаромир Левичек од Делегацијата на Европската Унија (ЕУ) се осврна на политиките на ЕУ за развој на граѓанскиот сектор, со фокус на Насоките за поддршка на ЕУ за граѓанското општество (2014-2020) развиени од Генералниот директорат за проширување.

Повеќе од 40 претставници на граѓански организации, на државни службеници, на странски и на меѓународни организации дебатираа за наодите од Извештајот. Тие ја поздравија сеопфатноста и иновативноста на ваквиот пристап на следење, и дадоа препораки за можно подобрување и проширување во иднина. Извештајот го подготви МЦМС и е прв од ваков вид во Македонија.



*Упешно завршените курсеви ги охрабруваат жените да почнат да бараат вработување*

Настанот беше организиран во рамки на проектот „Acquis на балканското граѓанско општество: Јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање" финансиран од Европската Унија. Проектот е спроведуван од БЦСДН и членките на БЦСДН, во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и Европската мрежа на национални граѓански организации (ЕННА).

# И министерствата и јавноста потфрлиле во вклученоста во подготовката на законите

МЦМС го подготви првиот квартален извештај „Огледало на Владата" за периодот октомври – декември 2013 година, во кој е направена длабинска анализа на практиките на министерствата во објавувањето, ажурирањето и давањето повратни одговори на јавноста за предлог-законите објавени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

Табела 3. Почитување и отстапки од минимален рок од 10 дена за консултации на предлог-закон

| Ранг | Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Владата | Бр. на предлог-закони со отстапки од минимален рок од 10 дена | % на отстапки од предлог на закони утврдени на Владата | Просечен бр. на денови за консултации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | МТВ | 4 | 0 | 0% | 26 |
| 2 | МЖСПП | 1 | 0 | 0% | 26 |
| 3 | МФ | 16 | 7 | 44% | 17 |
| 4 | МЗШВ | 6 | 3 | 50% | 11 |
| 5 | МЕ | 2 | 1 | 50% | 10 |
| 6 | МОН | 3 | 2 | 67% | 10 |
| 7 | МП | 6 | 4 | 67% | 8 |
| 8 | МВР | 6 | 5 | 83% | 8 |
| 9 | МИОА | 2 | 2 | 100% | 3 |
| 10 | МК | 1 | 1 | 100% | 0 |
| 11 | МТСП | 7 | 7 | 100% | 0 |
| | Вкупно | 54 | 31 | 57% | 12 |

*Во кратки рокови со проектот беа постигнати вредни резултати*

Извештајот констатира дека неажурирањето на податоците на ЕНЕР и недостапноста на записниците од седниците на Владата го отежнуваат консултативниот процес.

Кај повеќе од половина (57 %) од објавените предлог-закони, не е почитуван минималниот рок за консултации. Само две министерства (МТВ и МЖСПП) целосно ги запазиле роковите. Кај три министерства, за сите објавени предлог-закони рокот за консултации бил пократок од 10 дена.

Консултации во периодот на спроведување на процената на влијанието на регулативата (ПВР) речиси и да нема. Само за четири закони од вкупно 54, е забележан одреден консултативен процес и во фазата на спроведување на ПВР. Во 84 % од 88 објавени предлог-закони за консултации на ЕНЕР биле објавени текстовите на нацрт-законите. Во другите случаи текстот на нацрт-закон не бил објавен воопшто.

Иако известувања има кај 96 % од предлог-законите, во 44 % од случаите документот или немал никаква содржина или не бил пополнет како што треба. Известувањето се поставува истовремено со извештај за ПВР и предлог-закон, со што не се остварува целта за навремено информирање на засегнатите страни.

ЕНЕР не помага во значителна мерка за вклучување на општата јавност во процесите на подготовка на закони. На вкупно 88 поставени предлог-закони, има само 18 коментари. Од нив, само два биле поставени од страна на физички лица (поединци). Мал е и бројот на граѓански организации кои даваат свои предлози и коментари по одредени предлог-закони. За 88 поставени предлог-закони, испратени се 11 коментари од граѓански организации. Малиот број коментари е следен со уште помал број повратни одговори од страна на министерствата кои во само 22 % случаи дале повратен одговор на поставениот коментарот на ЕНЕР.

## Нови публикации

МЦМС издаде две нови публикации во областа на не-дискриминацијата

**КЗД во функција на заштитата од дискриминација – водич за граѓаните**

Водичот е систематизирано и искуствено разгледување на постапката од поднесување претставка од страна на лицето кое наводно е дискриминирано до конечното заземање став во вид на мислење, од страна на Комисијата за заштита од дискриминација.

Досегашното искуство од работата на Комисијата укажа дека е неопходен документ кој постапката пред Комисијата ќе ја направи појасна, а со тоа работата на комисионерите пообективна.

Во водичот посебно се нагласуваат одредени ситуации кои се забележани како искуство или опис на моменталната ситуација за одредени области или воспоставени практики.

Овој водич треба да служи како помагало за сите кои сметат дека се жртва на дискриминација, по кој било основ и од која било област, без претензии дека е крајниот збор во обработката на оваа проблематика.

**Најдобрите практики на независни механизми за еднаквост во ЕУ и во регионот**

Студијата истражува неколку меѓународни механизми за заштита на човековите права, еднаквоста помеѓу луѓето и борбата против дискриминацијата. Во неа е направена споредбена анализа на неколку европските практики на институции и тела кои се надлежни за гарантирањето на еднаквоста во соодветните држави.

Покрај другото, една од целите на оваа студија е да се добијат надворешните искуства кои ќе се споделат со надлежните институции во Република Македонија, особено Комисијата за заштита од дискриминација.

Двете публикации се подготвени во рамките на проектот „Од норма до пракса за еднаквост", кој го спроведуваше МЦМС во партнерство со Полио плус – движење против хендикеп, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација. Проектот беше финансиски поддржан од програмата Прогрес (2007-2013) на Европската Унија.

# Три обуки за организациите кои работат со маргинализирани групи

Во текот на март 2014 година претставници на 12 граѓански организации кои работат со маргинализирани групи и дејствуваат во кумановскиот, скопскиот и тетовскиот регион учествуваа на три обуките на тема: Раководење со проектен циклус, Донаторски процедури и Раководење со човечки ресурси.



*Од тркалезната маса со граѓанските организации*

Учесниците се запознаа со фазите и елементите од развивањето на проекти, а најголемо внимание предизвика буџетирањето. Покрај теоретското знаење, учесниците во група имаа и практична работа, поточно подготвуваа проектна рамка чекор по чекор и ги презентираа подготвените проекти во сите фази. „Примерите и наставата беа многу практични и лесни за примена", изјави Ердал Мусли од Дерја и додаде дека ќе ги сподели со другите членови во организацијата.

На втората обука, учесниците дознаа кои се елементите на донаторските процедури и како тие се создаваат; кои се процедурите за контрола, а кои за спроведување. Беа разработени и донаторските поими за буџетирање и процедурите за известување. На крај, покрај видовите донатори, беше разговарано и за актуелните повици.

„Многумина од обуката имаат претходно искуство во реализирање на проекти, така да групата беше на исто ниво", рече Донка Петровска, од Дром. Таа сметаше дека обучувачите успеале да го пренесат своето знаење, а работата во групи многу помогнала во практично осознавање на теоријата. И Рејхан Каљиси од ОЖТ Дерја беше задоволна од учеството на обуката. „Имавме доста работа, но во исто време беше и забавно затоа што дел од работата во групи беше реализирана низ игри. Се надевам дека ќе соработуваме во иднина со другите учесници", додаде таа.

Третата обука беше посветена на луѓето. Зошто е важно раководењето со човечките ресурси? Што подразбира и како да се организира и спроведе? – беа едни од прашањата на кои учесниците преку интеракција и вежби добиваа одговори. Тие работеа на распределбата на работни задачи, планирањето на работни места, регрутирањето и интервјуата со кандидати за работа. Преку играње улоги водеа состаноци и носеа одлуки. Посебен фокус во обуката имаше кадровата политика, односно законските рамки за работен договор, каде што беа претставени регулативите за воспоставување на работен однос и волонтерство, како и правата и обврските на договорните страни.

Сите обуки беа дел од активностите на програмата „Оспособување на малцинските жени погодени од конфликтот" финансирана од Европската Унија во рамките на 4-та компонента на Инструментот за претпристапна помош (ИПА). ОЖП ја спроведува МЦМС со партнерите со цел да се поддржи пристапот на жените погодени од конфликтот до пазарот на трудот.

# Три проекти селектирани од ромската заедница

Дебар, Куманово и Шуто Оризари се трите пилот општини во кои ќе бидат селектирани и спроведени вкупно три проекти што претходно ги избрале ромските заедници. Овие проекти ќе бидат насочени кон решавање на барем еден проблем кои ќе послужат како пример за видливи ефекти/корист за оваа заедница.

Ромската заедница во општина Дебар во процесот на селекција се одлучи за реконструкција на кровот на училиштето „Саид Најдени", во кое настава посетуваат и деца од ромската заедница. Изборот во општина Шуто Оризари падна на изработка на студија со која ќе се направи проценка на проблемите и потребите на општината. Оваа студија потоа ќе биде основа за подготовка на проекти со кои општината ќе бара средства од други донатори. Процесот на селекција во општина Куманово се уште е во тек. Проектите би требало да бидат спроведени до крајот на август оваа година.

Специфична задача на овој проект е да се воспостави одржлив дијалог на локално ниво помеѓу општинската администрација и ромската заедница. Спроведувањето на проектите во овие три пилот општини ќе биде тест за предложениот пристап со кој ромската заедница ќе добие подобрување на условите за живеење, а општинската администрација ќе добие практично решение на еден општински проблем.



*Од работилницата за проценка на проблемите и потребите во општина Шуто Оризари*

Освен проектите во трите општини ќе бидат направени и работилници со ромското население за релевантните политики на владата што ги засегаат Ромите и реализацијата на приоритетите од Декадата на Ромите на локално ниво. Проектот е дел од иницијативата „Да се направи максимум со фондовите на ЕУ за Ромите" поддржана од Фондациите Отворено општество што во Македонија го спроведуваат МЦМС и ИнСОК.